Република Македонија

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 10**

**31.07.2014**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09 и 16/13 година/, донесувам

## З А К Л У Ч О К

### За објавување на Заклучок од Итна седница

1.Го објавувам Заклучокот донесен на Итната седница на Советот на општина Демир Хисар закажана поради невреме „пороен дожд и град" што го зафати атарот на с.Сопотница и с.Ракитница донесен на Итната седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 24.07.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-645/1 Општина Демир Хисар**
**31.07.2014 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

219. Врз основа на член 92 став 1 од Статутот на општина Демир Хисар „Службен гласник на општина Демир Хисар бр. 3/02; 4/05; 7/09 и 16/13" Советот на Општина Демир Хисар на Итната седница закажана поради невреме „пороен дожд и град" одржана на 24.07.2014 година донесе

## З А К Л У Ч О К

1.Комисијата за проценка и утврдување на штети од елементарни непогоди при Советот на Општина Демир Хисар да излезе на терен, да ја утврди состојбата на направената штета од невремето што го зафати подрачјето во атарот на с.Сопотница и с.Ракитница, да изврши проценка на направената штета и согласно законските одредби да изготви Елаборат и истиот да се достави до Влада на Р Македонија.

2. Советите на месните заедници Сопотница и Ракитница да изготват Соопштение со кое ќе ги информира жителите на овие населени места за начинот на пријавување за направената штета, потребните документи и роковите за пријавување.

3.Општината во рамките на своите можности да им излезе во пресрет на граѓаните од овие населени места.

4. Заклучокот влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.07-620/2 Совет на Општина Демир Хисар
24.07.2014 година Претседател,
Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.

С О Д Р Ж И Н А

1. Заклучок од итна седница за невремето кое го зафати подрачјето во атарот на с.Сопотница и с.Ракитница--------------1

**Издава: Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**
**Градоначалник.**
**Љупчо Блажевски**
**Компјутерска обработка: Виолета Пајковска**